СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# АФРИКАНСКА СВИНСКА ЧУМА

- кратка информација-

Славчо Маркоски

Советник - истражувач и аналитичар од областа на земјоделски науки и храна

Октомври 2019 година

## СОДРЖИНА

ВОВЕД........................................................................................................... 4

I. ИСТОРИЈА НА АФРИКАНСКАТА СВИНСКА ЧУМА .................................... 4

II. АФРИКАНСКА СВИНСКА ЧУМА ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ ОД РЕГИОНОТ 5

II.1 РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........................................................... 5

II.2 РЕПУБЛИКА СРБИЈА........................................................................................ 5

II.3 РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА.................................................................................... 6

II.4 РОМАНИЈА .......................................................................................................... 7

ЛИСТА НА ИЗВОРИ ............................................................................................. 9

## ВОВЕД

**Целта** на оваа кратка информација е да се даде краток осврт и објаснување за болеста **африканска свинска чума**, начинот на пренесување, инкубацискиот период и клиничките знаци на болеста, која во последните неколку години се појави во земјите од регионот. За таа цел, даден е преглед на распространетоста, како и мерките и начините кои се преземаат од страна на владите на неколку држави во регионот за превенција и справување со болеста.

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива** на Парламентарниот институт, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I. ПОИМ И ПОЧЕТОЦИ НА АФРИКАНСКАТА СВИНСКА ЧУМА

***Африканска свинска чума (АСЧ) е заразно вирусно заболување кое ги напаѓа свињите од сите возрасни категории, кај кои предизвикува хеморагична треска. Болеста може да се манифестира во различни форми: перакутна, субакутна, хронична и латентна форма. Најчесто се препознава во акутна форма која се поврзува со смртност кај животните која може да биде и до 100%.*** Африканската чума кај свињите претставува сериозна закана за свињарството. Болеста не претставува закана само за обезбедувањето храна и предизвик за индустријата за производството на свинско месо и другите чинители во синџирот на снабдување, туку и за меѓународната трговија како резултат на мерките на забрана кои се воведуваат.

Во Европа, африканска свинска чума за прв пат се појавува во 1957 година, а донесена е од Западна Африка во Португалија. По искоренувањето на оваа болест, вирусот на африканска свинска чума генотип I се појавува повторно во 1960 година, а потоа се шири низ Европа, во Италија 1967 година, во Шпанија 1969 година, во Франција 1977 година, во Малта 1978 година, во Белгија 1985 година и во Холандија 1986 година. Сите држави успешно ги контролирале жариштата каде што се појавува оваа болест и по краток период болеста е искоренета, со исклучок на Шпанија и Португалија каде борбата со болеста траела неколку декади сè до 1990-тите години и на медитеранскиот италијански остров Сардинија, каде африканска свинска чума е ендемична од нејзиното внесување во 1978 година и циркулира најчесто во одгледувалишта кои чуваат свињи на отворено и кај дивите свињи.[1]

Вирусот се излачува преку крв, ткива, секрети од болни или угинати животни. Болеста се пренесува и шири со: директен контакт помеѓу здраво и болно животно, трупови од угинати животни и луѓе, индиректно се пренесува преку заразена храна и отпадоци од храна, опрема, возила и облека, биолошки пренос од векторот - мек крлеж од родот Ornithodoros. Главните видови на животни кои се приемчиви на вирусот на африканска чума кај свињите се: домашните свињи, европската дива свиња и американската дива свиња. Периодот на инкубација

[1]Прирачник на ФАО за Африканска свинска чума, откривање и дијагноза http://www.fao.org/3/i7228mk/i7228mk.pdf (пристапено на 16.9.2019 година)

***трае од 4 до 19 дена. Оваа болест не се пренесува на луѓе[2].*** Во моментов во 10 земји од Европската Унија се пријавени жаришта на африканска свинска чума.

## II. АФРИКАНСКА СВИНСКА ЧУМА ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ ОД РЕГИОНОТ

### II.1 РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Според известувањата на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) на Северна Република Македонија досега не е пријавен случај на (АСЧ). Агенцијата согласно мерките за претпазливост од 2017 - 2019 година има преземено повеќе мерки и активности за да не дојде до појавување на оваа болест на територијата на државата. АХВ согласно насоките од ЕУ изработи повеќе документи и насоки со кои ги информира граѓаните, ветеринарните друштва и одгледувачите на свињи за болеста: Упатство за спроведување на категоризација на одгледувалишта на свињи, бр. 02- 4337/1 од 14.12.2017 година, Контролна листа за утврдување на ризик и категоризација на одгледувалишта на свињи, бр. 02-4337/1 од 14.12.2017 година, Прирачник за воведување на биосигурносни мерки на одгледувалишта на животни бр. 02-4338/1 од 14.12.2017 година, План за итни мерки и оперативен прирачник за африканска чума кај свињите. Согласно последниот извештај на АХВ договорено е со концесионерите на ловиштата и националните ловишта да се утврди точната бројка на дивите свињи за да може да се изврши отстрел на истите заради спречување на ширење на оваа болест[3]. Агенција како превентивна мерка издаде повеќе решенија за преземање на безбедносни мерки при увоз и транзит на домашни и диви свињи, семе, јајца и ембриони од свињи, свинско месо, производи и подготовки од свинско месо, други производи кои содржат свинско месо, како и нуспроизводи од свињи заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума на територијата на државата.[4]

### II.2 РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во Република Србија, африканската свинска чума е потврдена во август 2019 година на 4 места, но согласно последните податоци од Системот за информации за болести кај животните потврдени се 18 жаришта на оваа болест[5]. Србија како и сите земји во регионот презема мерки за спречување на проширувањето на оваа болест со изработка на брошури, летоци, организирање работилници за производителите на свинско месо, забрана на увоз на производи од свинско месо и свежо месо, забрана на увоз на свињи од државите каде се

---

[2] Официјална интернетска страница на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија http://fva.gov.mk/mk/ahv (пристапено на 16.9.2019 година)

[3] Извештај од состанок АХВ од 27.02.2019г https://drive.google.com/file/d/1RFcKzvXt-5MSvwOjFu_zpnSWoCyjaSZa/view (пристапено на 17.9.2019 година)

[4] Решенија за преземање на безбедносни мерки при увоз и транзит на домашни и диви свињи, семе, јајца и ембриони од свињи, свинско месо, производи и подготовки од свинско месо, други производи кои содржат свинско месо, како и нуспроизводи од свињи заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума на територијата на Македонија http://fva.gov.mk/mk/trgovija-zabrani#zabrani10 (пристапено на 18.9.2019 година)

[5] Animal disease notification system https://ec.europa.eu/food/sites/food/files/animals/docs/ad_adns_outbreaks-per-disease.pdf (пристапено на 18.9.2019 година)

има појавено оваа болест и со ловните друштва е договорен отстрел на дива свиња. Во сите 18 жаришта е потврдено дека се работи за АСЧ и животните се еутанизирани, а државата им исплатила финансиска отштета на сопствениците.

Слика бр.1 Места во Република Србија каде е откриена африканска свинска чума




## II.3 РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Во Република Бугарија, африканската свинска чума се појавува во август 2018 година во близина на границата со Романија. Болеста за брзо време се шири скоро низ цела Бугарија и зафатени се многу домашни фарми, но и големи индустриски објекти каде што економската штета е многу голема. Согласно изјавата на директорот на Агенцијата за безбедност на храна, економската штета ќе изнесува скоро 2 милијарди лева[6] (1.022.583.762 евра[7]). Агенцијата согласно препораките добиени од Европската комисија организира настани, обуки, флаери, видеа како да се справат одгледувачите на свињи со оваа болест и со помош на ловните друштва се организира отстрел на диви свињи за да се намали ширењето на болеста. Досега се регистрирани над 100 жаришта на територијата на Бугарија и уништени се над 135.000 свињи, најголем дел од големите индустриски фарми, а останатите се од домашни помали фарми. Отстрелот на дивите свињи се одвива само во местата каде се жариштата на оваа болест и до сега се отстрелани над 100 диви свињи со цел да не се прошири

[6] Изјава на директорот на Агенцијата за безбедност на храна на Република Бугарија http://www.bfsa.bg/bg/Object/interview/view/1318/%D0%98%D0%B7%D0%BF%D1%8A%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB (пристапено на 24.9.2019 година)

[7] Официјална интернетска страница на Бугарска Народна Банка - курсна листа https://www.bnb.bg/ (пристапено на 02.10.2019 година)

болеста на други места[8]. Согласно препораките за заштита од ширење на оваа болест, Бугарија презема безбедносни мерки при увоз и транзит на домашни и диви свињи, семе, јајца и ембриони од свињи, свинско месо, производи и подготовки од свинско месо, други производи кои содржат свинско месо, како и нуспроизводи од свињи заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума.

Слика бр. 2 Мапа на жаришта на Африканска свинска чума на територијата на Република Бугарија[9]




## II.4 РОМАНИЈА

Во Романија, африканската свинска чума со појавува во 2018 година. Веднаш по појавувањето на болеста, Националното тело за ветеринарно здравје и безбедност на храна (ANSVSA) ги имплементира дадените насоките од Директивата 2002/60/ЕК на Советот од 27 јуни 2002 година за утврдување на специфични одредби за контрола на африканската свинска чума и за изменување и дополнување на Директивата 92/119 / ЕЕЗ во однос на Тескеновата болест и африканската свинска чума[10]. Агенцијата согласно препораките изработува информативен материјал во врска со оваа болест, организира работилници и видео-спотови. Согласно официјалните податоци од Агенцијата досега во Романија има над 1.400 жаришта односно места каде е

[8] Табела на угинати домашни и диви свињи предизвикани од болеста африканска свинска чума во Република Бугарија http://bfsa.bg/bg/Page/ASF2/index/ASF2 (пристапено на 24.9.2019 година)

[9] Мапа на жаришта на африканска свинска чума на територијата на Република Бугарија https://www.google.com/maps/d/viewer?mid=153FqZlV3pPMT8BYiN3RROCgKlgy53JH8&ll=42.697730136992774%2C25.422442359375054&z=8 (пристапено на 24.9.2019 година)

[10] Council Directive 2002/60/EC of 27 June 2002 laying down specific provisions for the control of African swine fever and amending Directive 92/119/EEC as regards Teschen disease and African swine fever https://eur-lex.europa.eu/legal-content/GA/TXT/?uri=CELEX:32002L0060 (пристапено на 25.9.2019 година)

појавена оваа болест. Вкупниот број на жаришта кои се однесуваат на домашни свињи изнесува 1.129, а заразени се вкупно 363.151 свињи од кои 298.562 се од комерцијални фарми, а 64.589 се од домашни фарми[11]. Вкупниот број на заразени диви свињи е 932 од кои 792 се пронајдени умрени од болеста, а останатите се отстрелани заради спречување на ширењето на болеста. Согласно препораките за заштита од ширење на оваа болест, Романија презема безбедносни мерки при увоз и транзит на домашни и диви свињи, семе, јајца и ембриони од свињи, свинско месо, производи и подготовки од свинско месо, други производи кои содржат свинско месо, како и нуспроизводи од свињи заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума.

Изработил: Славчо Маркоски

Одобрила: Ева Јованова

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

Златко Атанасов

[11] The National Sanitary Veterinary and Food Safety Authority of Romania http://www.fao.org/fileadmin/user_upload/reu/europe/documents/events2019/ASFBalkans/13.pdf (пристапено на 24.9.2019 година)

ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Прирачник на ФАО за африканска свинска чума откривање и дијагноза http://www.fao.org/3/i7228mk/i7228mk.pdf
2. Официјална интернетска страница на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија http://fva.gov.mk/mk/ahv
3. Извештај од состанок АХВ од 27.02.2019г https://drive.google.com/file/d/1RFcKzvXt-5MSvwOjFu_zpnSWoCyjaSZa/view
4. Решенија за преземање на безбедносни мерки при увоз и транзит на домашни и диви свињи, семе, јајца и ембриони од свињи, свинско месо, производи и подготовки од свинско месо, други производи кои содржат свинско месо, како и нуспроизводи од свињи заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума на територијата на Македонија http://fva.gov.mk/mk/trgovija-zabrani#zabrani10
5. Animal disease notification system https://ec.europa.eu/food/sites/food/files/animals/docs/ad_adns_outbreaks-per-disease.pdf
6. Табела на угинати домашни и диви свињи предизвикани од болеста африканска свинска чума во Република Бугарија http://bfsa.bg/bg/Page/ASF2/index/ASF2
7. Мапа на жаришта на африканска свинска чума на територијата на Република Бугарија https://www.google.com/maps/d/viewer?mid=153FqZlV3pPMT8BYiN3RROCgKlgy53JH8&ll=42.697730136992774%2C25.422442359375054&z=8
8. Изјава на директорот на Агенцијата за безбедност на храна на Република Бугарија http://www.bfsa.bg/bg/Object/interview/view/1318/%D0%98%D0%B7%D0%BF%D1%8A%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB
9. Council Directive 2002/60/EC of 27 June 2002 laying down specific provisions for the control of African swine fever and amending Directive 92/119/EEC as regards Teschen disease and African swine fever https://eur-lex.europa.eu/legal-content/GA/TXT/?uri=CELEX:32002L0060

10. African Swine fever in Europe (Eastern Europe &Belgium) https://assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/818675/uoa-asf-europe.pdf
11. African swine fever https://ec.europa.eu/food/animals/animal-diseases/control-measures/asf_en
12. The National Sanitary Veterinary and Food Safety Authority of Romania http://www.fao.org/fileadmin/user_upload/reu/europe/documents/events2019/ASFBalkans/13.pdf
13. Презентација за африканската свинска чума во Република Бугарија http://www.babh.government.bg/userfiles/files/ZJ/ASF%20situation%2020%20Jun%202019.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-тематски преглед 5
-хронолошки преглед 5
-статистички/квантитативен преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070 409-544
070 320-341
070 320-349
070 320-348